Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈСП - Скопје** за кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на гранки од урбано зеленило ( јавно зеленило) на дрвја и обезбедување на слободен попречен профил на коловозот во висина од 4,5 метри во:

**- Општина Гази Баба на Бул.Александар Македонски, ул. Благоја Стефковски, ул. М.А,Ченто, ул. Алија Авдовиќ, ул. Фуштанска, ул. 16 Македонска бригада, ул. Коце Металец, ул. Перо Наков**

**- Општина Бутел на ул. Ферид Бајрам, ул. Бутелска, ул. Радишанска, ул. Боца Иванова**

**- Општина Центар на Бул. Никола Карев, ул. Самоилова, ул. Васил Ѓоргов, ул. Мајка Тереза, ул. Тодор Александров, ул. Железничка (Јордан Мијалков), ул. Св. Кирил и Методиј**

**- Општина Чаир на Бул. Цветан Димов, Бул. Х.Т.Карпош, ул. 2-ра Македонска бригада, ул. Џон Кенеди, ул. Благоја Паровиќ, ул. Аугуст Цесарец, ул. Лазар Трповски, ул. Македонска Косовска бригада**

**- Општина Шуто Оризари на ул. Шуто Оризари**

**- Општина Карпош на ул. Скупи, Бул. Илинден, ул. Никола Парапунов, Бул. Партизански Одреди, ул. Љубљанска, ул. Манапо, ул. Московска, ул. Женевска, ул. Лондонска, ул. М.Т.Гологанов, ул. Војвода Васил Чакаларов, ул. Козле, ул. Трнодол, ул. Жданец**

**- Општина Ѓорче Петров на ул. Воин Драшкоци, ул. Лука Геров, ул. Волковска, ул. 101 (Лепенец), ул. Ѓорче Петров**

**- Општина Сарај на ул. Сарај**

**- Општина Кисела Вода на ул. Црниче, ул. Востаничка, ул. Антон Попов, ул. Димо Хаџи Димов, ул. Народни херои, ул. Христо Татарчев, Бул. Борис Трајковски, ул. Борис Трајковски 20, ул. Јустинијан Први, ул. Славка Динкова, ул. Иван Хаџиниколов, ул. Киро Фетак, ул. Герника**

**- Општина Аеродром на Бул. Србија, Бул. 3-та Македонска бригада, Бул. 12 Македонска бригада, ул. Горно Лисиче, ул. Тодор Чангов, ул. Ѓорги Капчев, ул. Киро Фетак**

2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**По поднесеното,** барање од **ЈСП -Скопје , бул. "Александар Македонски" бр.10 - Скопје,** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/298** од **16.05.2024** година, за кастрење на гранки од дрвјата и обезбедување на слободен попречен профил на коловозот во висина од 4,5 метри што се наоѓаат **на повеќе улици низ општините на градот Скопје, особено каде минуваат**

**двокатни автобуси,** службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.

Утврдено е дека дрвата предмет на барањето имаат широкоразгранети крошни и надвиснати гранки над улиците кои пречат, односно возилата на јавниот градски превоз имаат нарушена проодност и истите причинуваат материјална штета на на автобусите, но и опасност за безбедноста на патниците.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/298/2**
**27.05.2024** година
Скопје
**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**
__________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**
__________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на ЈСП - Скопје Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-6/298/2, од 27.05. 2024 година донесено од Градоначалникот на град Скопје.
2.Решенијата бр.14-6/298/2 од 27.05. 2024 година донесено од Градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на ЈСП Скопје овој орган има донесено решение со кои се дозволува кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на гранки од дрвја и обезбедување на слободен попречен профил на коловозот во висина од 4,5 метри на улици во повеќе општини, каде сооо браќаат возила на јавниот градски превоз.

Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, бидејќи во моментот значително е отежнат сообраќајот на наведените траси каде поминуваат автобусите на ЈСП Скопје. Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението ќе се овозможи непречено функционирање на автобускиот превоз низ градските улици , за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6/298/3**
**27.05.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT